УДК: 613.94:172.15(430)(091)(049.3)

# *НИКОГАШ ПОВТОРНО* КАКО БИОЕТИЧКИ ПОВИК ЗА ОПСТАНОК НА ЧОВЕШТВОТО

(Кон книгата *Прирачник за биоетиката и холокаустот** од Теса Челуш и Џефри Брамер, контрибутор: Сузан Бенедикт)

Дејан Донев

Она што е ставено на увид, на рецензирање, на читање и исчитување, како опсервација, согледба, збир на добро поставени и длабоко испитани сознанија со повисока дискурзивност и интердисциплинарност, може да се разгледува низ неколку позиции.

Имено, прво, се работи за материјал кој значително го надминува претходно постигнатото теориско ниво во однос на оваа проблематика кај нас. Се работи за нов пристап, како што се наведува и во Предговорот, т.е. „Центарот за биоетика (Хаифа) беше овластен од УНЕСКО да го промовира и унапредува изучувањето на етиката во медицинските училишта низ светот... Пишувањето на етички кодекси и книги не е доволно сè додека тие не започнат да се имплементираат, а имплементацијата значи образование". Тука се вклучуваме и ние. Имено, Центарот за интегративна биоетика при Филозофскиот факултет, како Катедра за биоетика на УНЕСКО, заедно со Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија, ѝ го доставија на јавноста ова вредно парче од таа имплементација – *Прирачник за биоетиката и холокаустот* на Теса Челуш и Џефри Брамер, на македонски јазик.

* Во продолжение повеќе библиографски информации за книгата. Преводот на македонски јазик е на Митко Пиштолов, а стручната редакција на проф. д-р Дејан Донев и на проф. д-р Ана Фрицханд. Книгата ја издава Центарот за интегративна биоетика при Филозофскиот факултет во Скопје и Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија (ISBN 978-608-4713-11-1).

Второ, напишано со јазик и стил, неопходен и карактеристичен за една медицинска, но подлабоко за биоетичка, философска расправа во два дела (прв дел - Нацистичките лекари и втор дел - Лекарите затвореници), наменета за пошироката публика, а особено за идните академски граѓани, т.е. студентите, дополнително го зголемува научното ниво на делото. Тоа најдобра потврда наоѓа во ставот според кој „признавањето на Светската медицинска заедница дека мнозинството од медицинарите, докторите, персоналот го поддржувале и го унапределе нацистичкиот режим, признавање и прифаќање на фактот дека медицината не само што не била одвратена од традиционалниот етос, туку била и вложена во една перверзна идеологија на смрт и страдање“ (Вовед, стр. 13).

Трето, иако скромно, на некои севкупно 220 страници, напишани со релевантен поимно-категоријален апарат, прилозите кои се дадени имаат за цел не толку поставување и развивање, туку разгледување на една можна биоетичка критика која би произлегла од сеќавањето на оние кои беа таму, за време на холокаустот, протерувани и дискриминирани, измачувани и убивани поради некакви си „повисоки цели“. Како што се наведува уште на почетокот од самата книга, во обраќањето на проф. Карми, претседавач на Центарот за биоетика на УНЕСКО: „Сеќавањето не е крај само по себе, туку е само алатка. Употребата на оваа алатка може да биде оправдана само за една цел: НИКОГАШ ПОВТОРНО! Не заради целите на научното архивирање, не заради славење на смртта на маченците. Она што е направено не може да се врати назад, па и сеќавањето на мртвите нема да ги врати назад. *Никогаш повторно* повикува на опстанок на човештвото, на хуманоста“. Ова пак од своја страна ја потврдува уште еднаш скромноста со која се одликуваат големите дела, идеи и практики!




Сосема на крај, откривајќи ги уште подлабоко реалните потреби од овој превод на *Прирачникот за биоетиката и холокаустот* на македонски јазик на





Митко Пиштолов, а стручната редакција на проф. д-р Дејан Донев и проф. д-р Ана Фрицханд, би завршил со зборовите на самата авторка кога вели:

> Биоетиката, иако делумно разбрана и поистоветена со медицинската етика, сепак, се однесува на рефлективно испитување на етичките прашања во здравствената заштита и здравствената политика, со цел да ни обезбеди нам, на медицинските и здравствените професионалци, морални стандарди кои се насочени кон нашето чувство на непријатност во медицинската практика. Непријатноста која се јавува во текот на дискурсот за медицинската етика може да се сфати, на некој начин, како морален интегритет (Вовед, стр. 14).

И токму оваа „непријатност" доведе до артикулација на Нирнбершкиот кодекс од 1947 година со кој се регулира експериментирање со луѓе. Првиот и главниот пропис на Кодексот е доктрината на информирана согласност; последователните доктрини на современата биоетика го сметаат принципот на автономија како еден од основните постулати на етичката клиничка нега. Овие две прашања, како и други прашања поврзани со денешната биоетика, имаат свои корени или се поврзуваат со „непријатностите“ на медицината од минатото, вклучително и со она што се случувало во текот на Третиот Рајх. „Зошто треба да се навратиме на овие настани години подоцна? Не затоа што очекуваме уште еден холокауст, туку затоа што медицинската професија секогаш мора да биде подготвена за предизвиците на интегритетот на својата етика“.

Во оваа смисла, она што го архивира и ни го нуди како увид д-р Челуш, а и останатите автори и контрибутори, е повеќе од вреден материјал кој може и треба да се користи и кај нас во изучувањето на биоетиката на сите три нивоа во високото образование!